


**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**


# ХРОНОЛОГИЈА НА ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОН НАТО


Изработил: Ева Јованова



Скопје, јули 2017 година

## I. ВОВЕД

Предмет на ова истражување е хронолошкиот приказ на процесот на пристапување на Република Македонија кон НАТО. Од методолошки аспект, истражувањето се состои од истражувачки и аналитички дел. Во рамките на истражувачкиот дел извршена е идентификација на најрелевантните извори на информации во врска со процесот на пристапување на Република Македонија кон НАТО. Како најрелевантни извори за тематиката на пристапувањето на Република Македонија кон НАТО идентификувани се официјалните веб-страници на Министерството за одбрана на Република Македонија[1] и НАТО[2]. Воедно беа користени и информации од официјалните веб-страници на Армијата на Република Македонија[3], Централната команда на САД[4], Стејт департманот на САД[5], Армијата на САД[6], Министерството за надворешни работи на Латвија[7] и невладината организација „Global Security"[8]. Во истражувањето беа опфатени и релевантни официјални документи на Министерството за одбрана, како и Одлуката за стапување на Република Македонија во членство во НАТО[9], Законот за ратификација на договорот меѓу државите страни во Северноатлантскиот договор и другите држави учеснички во партнерството за мир за статусот на нивните сили[10] и Стратегијата за интеграција на Република Македонија во НАТО[11]. Аналитичкиот дел на истражувањето се состои од систематизација и хронолошки приказ на сите значајни аспекти од односите меѓу Република Македонија и НАТО. Следствено, позначајните аспекти од односите меѓу Република Македонија и НАТО се систематизирани во три дела: хронолошки приказ на сите поважни настани поврзани со процесот на

[1] Официјална веб-страница на Министерството за одбрана на Република Македонија, http://www.morm.gov.mk/ (пристапено на 2.9.2013)

[2] Официјална веб-страница на НАТО, http://www.nato.int/cps/en/natolive/index.htm (пристапено на 29.8.2013)

[3] Официјална веб-страница на Армијата на Република Македонија http://www.arm.mil.mk/index.html (пристапено на 8.6.2017)

[4] Официјална веб-страница на Централната команда на САД, http://www.centcom.mil/ (пристапено на 29.7.2013)

[5] Официјална веб-страница на Стејт департманот на САД, http://www.state.gov/ (пристапено на 3.9.2013)

[6] Официјална веб-страница на армијата на САД, http://www.army.mil/ (пристапено на 6.9.2013)

[7] Официјална веб-страница на Министерството за надворешни работи на Латвија, http://www.am.gov.lv/en/ (пристапено на 2.9.2013), земено предвид заради Групата Вилнус и заложбите за прием во НАТО.

[8] Официјална веб-страница на Global Security, http://www.globalsecurity.org/ (пристапено на 5.9.2013)

[9] Одлука за стапување на Република Македонија во членство во Организација на Северноатлантскиот договор - НАТО („Службен весник на Република Македонија" број 78/1993)

[10] Закон за ратификација на договорот меѓу државите страни во Северноатлантскиот договор и другите држави учеснички во партнерството за мир за статусот на нивните сили и дополнителниот протокол меѓу државите страни во Северноатлантскиот договор и другите држави учеснички во Партнерството за мир за статусот на нивните сили („Службен весник на Република Македонија" број 29/1996)

[11] Стратегија за интеграција на Република Македонија во НАТО („Службен весник на Република Македонија" број 51/1998)

пристапување на Република Македонија кон НАТО; хронолошки приказ на сите поважни заеднички вежби на земјите членки на НАТО и земјите членки на Партнерството за мир[12] и хронолошки приказ на мисиите на НАТО на територијата на Република Македонија.

## II. ХРОНОЛОГИЈА НА ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОН НАТО:

### 1. Хронолошки приказ на сите поважни настани поврзани со процесот на пристапување на Република Македонија кон НАТО:

- На 23 декември 1993 година, Собранието на Република Македонија донесе Одлука за пристапување на Република Македонија во НАТО[13].
- На 15 октомври 1995 година, Република Македонија пристапува кон Програмата партнерство за мир[14].
- На 19 јануари 1996 година потпишана е Спогодба за безбедносни аранжмани меѓу Република Македонија и НАТО[15].
- На 24 април 1996 година, Владата на Република Македонија донесе одлука за основање „Служба за реципрочна безбедност и заштита на информациите меѓу Република Македонија и НАТО[16].
- На 4 јуни 1996 година, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу државите страни во Северноатлантскиот договор и другите држави учеснички во Партнерството за мир за статусот на нивните сили и дополнителниот протокол меѓу државите страни во Северноатлантскиот договор и другите држави учеснички во партнерството за мир за статусот на нивните сили[17].

[12] Официјална веб-страница на Министерството за одбрана на Република Македонија, http://www.morm.gov.mk/data/file/our_way_to_NATO.pdf (пристапено на 02.09.2013)

[13] Одлука за стапување на Република Македонија во членство во Организација на Северноатлантскиот договор - НАТО („Службен весник на Република Македонија“ број 78/1993)

[14] Официјална веб-страница на Министерството за одбрана на Република Македонија, http://www.morm.gov.mk/data/file/our_way_to_NATO.pdf (пристапено на 2.9.2013)

[15] Министерство за одбрана на Република Македонија, публикација „Our way to NATO“ декември 2003, стр. 10

[16] Министерство за одбрана на Република Македонија, публикација „Our way to NATO“ декември 2003, стр. 10

[17] Закон за ратификација на договорот меѓу државите страни во Северноатлантскиот договор и другите држави учеснички во партнерството за мир за статусот на нивните сили и дополнителниот протокол меѓу државите страни во Северноатлантскиот договор и другите држави учеснички во партнерството за мир за статусот на нивните сили („Службен весник на Република Македонија“ број 29/1996)

- На 14 јуни 1996 година беше отворена Канцеларија за врски на Република Македонија во седиштето на НАТО во Брисел[18].
- 15-18 јануари 1997 година Република Македонија беше официјално примена во Комитетот за воено планирање и анализа[19].
- На 16 април 1997 година, Република Македонија беше примена во Процесот на преглед и планирање (ПАРП)[20].
- Во ноември 1997 година, Република Македонија стана членка на Евроатлантскиот партнерски совет на 19-те земји членки и 27 земји партнери на НАТО[21].
- На 5 октомври 1998 година, Владата на Република Македонија донесе Стратегија за интеграција на Република Македонија во НАТО[22].
- На 23-25 април 1999 година, на Самитот на НАТО во Вашингтон, Република Македонија стана кандидат за полноправно членство во НАТО[23] и стана дел од Акцискиот план за зачленување во НАТО (Membership Action Plan -MAP)[24].
- 18-19 мај 2000 година, Република Македонија и останатите држави од Групата Вилнус (Албанија, Бугарија, Романија, Словенија, Словачка, Летонија, Естонија и Литванија) се заложија за прием во НАТО[25].
- Штабот на НАТО во Скопје беше формиран во април 2002 година, со мисија да обезбедува советодавна услуга за воените аспекти на реформата на безбедносниот сектор во Република Македонија. Од 1 април 2012 година, мисијата е преименувана во Канцеларија за врски на НАТО во Скопје[26].

---

[18] Министерство за одбрана на Република Македонија, публикација „Our way to NATO“ декември 2003, стр. 10

[19] Министерство за одбрана на Република Македонија, публикација „Our way to NATO“ декември 2003, стр. 10

[20] Министерство за одбрана на Република Македонија, публикација „Our way to NATO“ декември 2003, стр.

[21]Официјална веб-страница на Министерството за одбрана на Република Македонија, http://www.morm.gov.mk/channelc/?m=C9BAC56686B21C8A8C257889354FA2C5A1AB58E8 3C1A30C5179C4F5C0C0B3458B63A4A7AA6ACE748 (пристапено на 3.9.2013)

[22] Стратегија за интеграција на Република Македонија во НАТО („Службен весник на Република Македонија“ број 51/1998)

[23]Официјална веб-страница на Министерството за одбрана на Република Македонија, http://www.morm.gov.mk/channelc/?m=3C1A30C5179C4F5C0C0B3458B63A4A7AA6ACE748 (пристапено на 3.9.2013)

[24]Официјална веб-страница на Министерството за одбрана на Република Македонија, http://www.morm.gov.mk/channelc/?m=5CDF49EBF23E81169250F9DBCEDF87CF02C5EB2B (пристапено на 03.09.2013)

[25]Официјална веб-страница на Министерството за надворешни работи на Латвија, http://www.mfa.gov.lv/en/security/4494/4496/ (пристапено на 2.9.2013)

[26]Официјална веб-страница на Канцеларијата за врски на НАТО во Скопје http://www.jfcnaples.nato.int/hqskopje/about-skopje/skopje-mission (пристапено на 8.6.2017)

- Од август 2002 година, Армијата на Република Македонија зема учество во НАТО мисијата ИСАФ во Авганистан[27].
- На 2 мај 2003 година, Македонија, Албанија и Хрватска со САД ја потпишаа Јадранската повелба, со што се потврди поддршката на САД за политиката на НАТО на „Отворени врати“[28].
- На 28 јуни 2004 година, на Самитот на НАТО во Истанбул, Република Македонија беше охрабрена да продолжи со реформите и беше изразена заложба за политиката на НАТО за „Отворени врати“[29].
- 28-29 јуни 2007 година, Охрид беше домаќин на Безбедносниот самит на Евроатлантскиот партнерски совет[30].
- Република Македонија овозможува логистичката поддршка за потребите на мисијата на КФОР на НАТО, преку Координативниот центар за поддршка и медицинска поддршка за персоналот на силите на КФОР, од јуни 2007 година[31].
- На 3 април 2008 година во финалната Декларација од Самитот на НАТО во Букурешт изостана поканата за Република Македонија за членство во НАТО поради спротивставувањето на една држава членка, со образложение дека поканата ќе биде испратена веднаш штом ќе се изнајде заедничко прифатливо решение по прашањето околу името во рамки на ОН[32].
- На 20 ноември 2010 година, на Самитот на НАТО во Лисабон, членките на НАТО ја реафирмираа нивната одлука од Букурешт, Република Македонија да ѝ се придружи на Алијансата откако ќе биде постигнато заедничко прифатливо решение по прашањето околу името во рамки на ОН[33].
- На 20 мај 2012 година, во финалната Декларација од Самитот на НАТО во Чикаго, членките на НАТО ја реафирмираа нивната одлука од Букурешт и последователните самити, со која упатуваат покана на Република Македонија да и се придружи на Алијансата штом ќе биде постигнато

[27] Официјална веб-страница на Централната команда на САД, http://www.centcom.mil/macedonia/ (пристапено 29.7.2013)

[28] Официјална веб-страница на Стејт департманот на САД, http://www.state.gov/p/eur/rls/fs/112766.htm (пристапено на 3.9.2013)

[29] Официјална веб-страница на НАТО, http://www.nato.int/cps/en/SID-669A6C89-00C28E0E/natolive/official_texts_21023.htm?selectedLocale=en

[30] Официјална веб-страница на НАТО, http://www.nato.int/docu/comm/2007/0706-eapc-ohrid/0706-eapc-ohrid.htm (пристапено на 28.7.2013)

[31] Официјална веб-страница на Армијата на Република Македонија, http://www.arm.mil.mk/baza/misii/kfor.pdf (пристапено на 8.6.2017)

[32] Официјална веб-страница на НАТО, http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_8443.htm?selectedLocale=en (пристапено на 3.9.2013)

[33] Официјална веб-страница на НАТО, http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_68828.htm?selectedLocale=en (пристапено на 3.9.2013)

заедничко прифатливо решение по прашањето околу името во рамки на ОН[34].

- Во јуни 2013 година, Регионалниот центар за односи со јавноста (ПАРЦ) при Министерство за одбрана на Република Македонија прерасна во НАТО Партнерски центар за едукација и обука (ПТЕЦ) и беше официјално прифатен во мрежата на НАТО партнерски центри[35].
- Република Македонија од 01.01.2015 година, учествува во пост ИСАФ мисијата на НАТО во Авганистан наречена „Одлучна поддршка“ (“Resolute Support”), и тоа со сили за обезбедување, штабен персонал и ментори[36].
- На Самитот на НАТО во Брисел 2015 година, членките на НАТО ја реафирмираа нивната одлука од Букурешт и последователните самити, Република Македонија да и се придружи на Алијансата откако ќе биде постигнато заедничко прифатливо решение по прашањето околу името во рамки на ОН[37].

## 2. Хронолошки приказ на сите поважни заеднички вежби на земјите членки на НАТО и земјите членки на Партнерството за мир:

- 15-20 јули 1996 година Република Македонија учествуваше на заедничката вежба на Партнерството за мир и седум земји членки на НАТО „Миротворен орел 96“ што се одржа во Бизе, Албанија[38].
- 21-26 октомври 1996 година се одржа првиот дел на мултинационалната командноштабна вежба „Спасител 96“[39].
- 12-16 мај 1997 година беше одржана мултинационална воена вежба „Спасител 97“ на воениот полигон Пепелиште кај Неготино[40].

[34] Официјална веб-страница на НАТО, http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_87593.htm#fyrom (пристапено 3.9.2013)

[35] Официјална веб-страница на НАТО, http://www.nato.int/cps/en/SID-C48925E0-B05DB139/natolive/topics_48830.htm?selectedLocale=en (пристапено на 5.9.2013)

[36] Официјална веб-страница на Министерство за одбрана на Република Македонија, http://morm.gov.mk/?page_id=34213 (пристапено на 7.6.2017)

[37] Официјална веб-страница на НАТО, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_125591.htm?selectedLocale=en (пристапено на 8.6.2017)

[38] Министерство за одбрана на Република Македонија, публикација „Our way to NATO“ декември 2003, стр.10

[39] Министерство за одбрана на Република Македонија, публикација „Our way to NATO“ декември 2003, стр.10

[40] Министерство за одбрана на Република Македонија, публикација „Our way to NATO“ декември 2003, стр.10

- 12-16 мај 1997 година на полигонот Криволак беше одржана првата меѓународна вежба во рамките на програмата Партнерство за мир „Спасител 97“[41].
- На 15 јуни 1998 година во Република Македонија беше изведена воздушната вежба на НАТО „Решителен сокол“ на која учествуваа и припадници на македонската единица за специјални намени „Волци“[42].
- 11-18 септември 1998 година на полигонот „Криволак“ беше одржана мултиционалната вежба „Најдобар кооперативен зафат 98“[43].
- 26 јануари-1 февруари 2005 година беше одржана вежба за управување со кризи на која учествуваа 26 земји членки на НАТО и 9 земји членки на Партнерството за мир[44].
- 19-30 јуни 2005 година во Украина беше одржана вежбата „Најдобар кооперативен зафат 05“ на која учествуваа земји членки на НАТО, земји членки на Медитеранскиот дијалог и земји членки на Партнерството за мир[45].
- 09-20 јули 2007 година во Грузија беше одржана воздушна вежба „Кооперативен стрелец 2007“ на која земаа учество земји членки на НАТО, земји членки на Медитеранскиот дијалог и земји членки на Партнерството за мир[46].
- На 15 април 2008 година во Брисел беше одржана мултинационална вежба за одбрана од хемиско, биолошко, радиолошко и нуклеарно оружје[47].
- 6 мај - 1 јуни 2009 година во Грузија беше одржана вежба со цел подобрување на интероперабилноста меѓу НАТО и партнерските земји[48];

[41] Официјална веб-страница на Global Security, http://www.globalsecurity.org/military/ops/rescuer.htm (пристапено на 5.9.2013)

[42] Министерство за одбрана на Република Македонија, публикација „Our way to NATO“ декември 2003, стр.12

[43] Министерство за одбрана на Република Македонија, публикација „Our way to NATO“ декември 2003, стр.12

[44] Официјална веб-страница на НАТО, http://www.nato.int/cps/en/SID-C5E051FE-DF34E8C1/natolive/news_21598.htm?selectedLocale=en (пристапено на 2.9.2013)

[45] Официјална веб-страница на НАТО, http://www.nato.int/cps/en/SID-8F7BB6D9-26BF79DA/natolive/news_21439.htm?selectedLocale=en (пристапено на 2.9.2013)

[46] Официјална веб-страница на НАТО, http://www.nato.int/cps/en/SID-76204502-330A2F7F/natolive/news_7596.htm?selectedLocale=en (пристапено на 2.09.2013)

[47] Официјална веб-страница на НАТО, http://www.nato.int/cps/en/natolive/news_7240.htm?selectedLocale=en (пристапено на 2.9.2013)

[48] Официјална веб-страница на НАТО, http://www.aco.nato.int/page8190505.aspx (пристапено на 06.09.2013)

- 16-29 мај 2012 година беше одржана мултинационална вежба на воените полигони Пепелиште и Стрела[49].
- Припадници од неколку единици на Армијата на Република Македонија заедно со армиите од 23 земји од НАТО и Партнерството за мир учествуваа на меѓународната вежба „Анаконда-16“ од 6-17 јуни 2016 година во Полска[50].

## 3. Хронолошки приказ на мисиите на НАТО на територијата на Република Македонија:

- На 2 декември 1998 година, Владата на Република Македонија одобри престој на силите на НАТО за извлекување на Верификациската мисија на ОБСЕ на Косово[51].
- На 24 декември 1998 година, Република Македонија и НАТО го склучија основниот договор за престој на силите на алијансата[52].
- 9 јуни 1999 година, НАТО одобри распоредување сили (КФОР) во Република Македонија[53].
- Во јуни 2001 година, НАТО одобри план за распоредување 3.000 војници во Македонија за да се разоружи ОНА[54];
- На 22 август 2001 година, официјално беше одобрена НАТО мисијата „Суштинска жетва“ за собирање на оружјето од ОНА и траеше од 27 август до 26 септември 2001 година[55].
- На 27 септември 2001 година, Владата на Република Македонија и НАТО договорија нова мисија, „Килибарна лисица“, со околу 1.000 војници.

---

[49]Официјална веб-страница на армијата на САД, http://www.army.mil/article/80549/U_S__Ambassador_to_Republic_of_Macedonia_visits_NATO_multi_national_exercises/ (пристапено на 6.9.2013)

[50] Официјална веб-страница на Армијата на Република Македонија, http://www.arm.mil.mk/baza/vezbi/arhiva_anakonda16.html (пристапено на 06.09.2013)

[51] Министерство за одбрана на Република Македонија, публикација „Our way to NATO“ декември 2003, стр.12

[52] Министерство за одбрана на Република Македонија, публикација „Our way to NATO“ декември 2003, стр.12

[53] Министерство за одбрана на Република Македонија, публикација „Our way to NATO“ декември 2003, стр.12

[54] Официјална веб-страница на НАТО http://www.nato.int/docu/update/2001/0618/e0620a.htm (пристапено на 6.9.2013)

[55] Официјална веб-странца на НАТО, http://www.nato.int/fyrom/ (пристапено на 6.9.2013)

Тримесечниот мандат сукцесивно се продолжуваше до 15 декември 2002 година[56].

- На 16 декември 2002 година започна НАТО мисијата „Сојузничка хармонија“, која траеше до 31 март 2003 година[57].

[56] Официјална веб-страница на НАТО, http://www.nato.int/fyrom/tff/home.htm (пристапено на 6.9.2013)

[57] Официјална веб-страница на НАТО, http://www.nato.int/fyrom/ (пристапено на 6.9.2013)

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Закон за ратификација на договорот меѓу државите страни во Северноатлантскиот договор и другите држави учеснички во партнерството за мир за статусот на нивните сили и дополнителниот протокол меѓу државите страни во Северноатлантскиот договор и другите држави учеснички во партнерството за мир за статусот на нивните сили („Службен весник на Република Македонија“ број 29/1996)

2. Министерство за одбрана на Република Македонија, публикација „Our way to NATO“ декември 2003

3. Одлука за стапување на Република Македонија во членство во Организацијата на Северноатлантскиот договор - НАТО („Службен весник на Република Македонија“ број 78/1993)

4. Стратегија за интеграција на Република Македонија во НАТО („Службен весник на Република Македонија“ број 51/1998)

5. Официјална веб-страница на армијата на САД, http://www.army.mil/

6. Официјална веб-страница на Global Security, http://www.globalsecurity.org/

7. Официјална веб-страница на Министерството за надворешни работи на Латвија, http://www.am.gov.lv/en/

8. Официјална веб-страница на Министерството за одбрана на Република Македонија, http://www.morm.gov.mk/

9. Официјална веб-страница на НАТО, http://www.nato.int/cps/en/natolive/index.htm

10. Официјална веб-страница на Стејт департманот на САД, http://www.state.gov/

11. Официјална веб-страница на Централната команда на САД, http://www.centcom.mil/